...НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-БИТОЛА
Бр. 04-49/17
15-02 2024 год.
БИТОЛА

**НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - БИТОЛА**
**NI INSTITUTE FOR PRESERVATION OF CULTURAL MONUMENTS AND MUSEUM - BITOLA**

Климент Охридски 18, 7000 Битола, Република Северна Македонија / Kliment Ohridski 18, 7000 Bitola, Republic of North Macedonia
www.muzejbitola.mk info@muzejbitola.mk ++ 389 47 233 187

Врз основа на член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик(„Службен весник на Република Македонија"бр.148/08; 155/08; 163/08; 136/08; 44/11; 51/11; 142/12; 31/13; 34/13; 14/14; 30/14; 196/15; 35/16; 97/16; 99/16; 136/16; 142/16; 67/17; 125/17; 35/18; 99/18; 140/18; 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19; 42/20; 74/21; и 215/21), а во согласност со Решението за распишување на избор на претседател на Република Северна Македонија(„Службен венсик на Република Северна Македонија" број 37/2024), и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија(Службен венсик на Република Северна Македонија" број 37/2024)директорката на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Битола, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за мирување на постапката за вработување на давател на услуги**

1. Со оваа Одлука постапката за спроведување на јавен оглас бр 01/2024 година, за вработување на 1 (едно) лице, давател на услуги на неопределено работно време, објавен во трите дневни весници Вечер, Коха и Нова Македонија, **СЕ СТАВА ВО МИРУВАЊЕ.**

2. Постапката за спроведување на јавен оглас бр 01/2024 година, односно Фаза1-Административна селекција за проверка на веродостојноста на внесените податоци во пријавата за вработување и доказите доставени на јавниот оглас ќе продолжи по завршување на изборите за што дополнително ќе биде донесена нова Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**Почитувани,**

Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Битола на ден 30.01.2024 објави јавен оглас за вработување на 1 (едно) лице, давател на услуги на неопределно работно време со звање на работно место Стручен работник за

рановизантиски перод , а кој што јавен оглас траеше 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во трите дневни весници Вечер, Коха и Нова Македонија.

Јавниот оглас беше уредно објавен на веб страницата на Националната установа Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј-Битола и доставен и објавен во Агенцијата за вработување на РСМ во подрачната служба на град Битола.

**На ден 15.02.2024 година во Службен весник на РСМ бр.37/2024 беше објавено Решението за распишување избор за претседател на Република Северна Македонија, како и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија(Службен венсик на Република Северна Македонија"број 37/2024).**

**Согласно одредбите од Изборниот законик**(,,Службен весник на Република Македонија" бр.148/08; 155/08; 163/08; 136/08; 44/11; 51/11; 142/12; 31/13; 34/13; 14/14; 30/14; 196/15; 35/16; 97/16; 99/16; 136/16; 142/16; 67/17; 125/17; 35/18; 99/18; 140/18; 208/18 и 27/19 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19; 42/20; 74/21; и 215/21), во член 8-а е предвидено дека Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје **НЕ МОЖЕ**:

- **Да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.**

Согласно гореизнесеното ЈАВНИОТ ОГЛАС за пополнување на работно место давател на услуги по пат на вработување, 04-49/2 од 26.01.2024 година, објавен од страна на Националната установа Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј-Битола, **СЕ СТАВА ВО МИРУВАЊЕ**, се до завршување на распишаните избори.

Директор
д-р Мери Стојанова